РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-265/5
18-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29- седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-265/1 од 12.01.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за непостапување од страна на Државниот инспекторат за труд по претставка за незаконитости во работењето на ЈЗУ Здравствен дом --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметот поради тоа што за предметниот случај постапил друг надлежен орган а подносителот на пријавата бил известен за предметното надлежно постапување.

Предметот со број 12-265/1 од 12.01.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 12.01.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за сомневање за непостапување и неизвестување од страна на Државниот инспекторат за труд по претставка за незаконитости во работењето на ЈЗУ Здравствен дом ---------, поднесена на ден 09.12.2025 година од страна на лицето ------------ -------------------.

Во пријавата се наведува дека случајот бил пријавен и до Државниот управен инспекторат, од каде подносителот бил известен дека пријавата заедно со доставените прилози била препратена на надлежно постапување до Државниот инспекторат за труд.

Со цел проверка на пријавените наводи, ДКСК достави барање до Државниот инспекторат за труд на РСМ, за прибирање на податоци и информации, по однос на тоа дали и како е

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапено по предметната пријава. По барањето на ДКСК доставени се одговори со прилог документација и по разгледување на истите констатирано е следното:

Државниот инспекторат за труд (ДИТ) постапил по пријава поднесена од истиот подносител и на 12.12.2025 година во предметната ЈЗУ извршил вонреден инспекциски надзор од областа на работните односи при кој изготвил Записник во кој констатирал неправилности во работењето на работодавачот, кој не испклатил јубилејна награда за 30 годинст работодавач со што постапил спротивно на член 20 став 4 алинеја 3 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Сл.весник на РСМ бр.154/2023). За констатираната неправилност било донесено Решение со инспекциска мерка опомена, согласно член 258 од Законот за работни односи. По однос на наводите за повреда на Законот за здравствена заштита, ДИТ ја доставил претставката на надлежно постапување на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

За истиот предметен случај, Државниот управен инспекторат на надлежно постапување на ДИТ препратил Иницијатива за вонреден инспекциски надзор, за која ДИТ утврдил дека станува збор за истоимената претставка и за што го известил управниот инспектор.

За своето надлежно постапување ДИТ го известил подносителот ------------- ---------- на 28.01.2026 година.

Во врска со предметниот случај постапил и Државен инспектор за труд од областа на безбедност и здравје при работа, кој при вонреден инспекциски надзор извршен на 26.12.2025 година, утврдил неправилности во работењето на јавната здравствена установа по однос на тоа дека од страна на работодавачот немало спроведено периодичен здравстен преглед на подносителот и донел Решение со рок за отстранување на недостатокот.

За надлежното постапување бил известен подносителот ----------- ------------- на 20.01.2026 година, а му било предочено дека може да поведе постапка пред надлежен суд заради понатамошна заштита на правата од работен однос и паричните побарувања, согласно член 181 од Законот за работни односи.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган и презел дејствија во своја надлежност, а подносителот на пријавата бил известен за надлежното постапување на ДИТ, што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: А.Ч.,Претседател на ДКСК

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Доставено до: Подносителот на пријавата